Национална установа
Библиотека "Кочо Рацин"
Бр. 02-165/1
18.3.2019
Тетово

Врз основа на член 36 став (1) точка 1 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18) и член 21 став (1) точка 1 од Статутот на НУ БИБЛИОТЕКА “КОЧО РАЦИН“ - ТЕТОВО бр. 0101-54/1 од 24.06.2015 година и бр. 02-60/1 од 17.04.2018 година, а во врска со Уставниот закон за спроведување амандманите XXXIII, XXXIV, XXXV и XXXVI на Уставот на Република Северна Македонија и Уставниот закон за спроведување на амандманите од XXXIII до XXXVI („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.06/19), Конечната спогодба за решавање на разликите опишани во резолуциите 817 (1993) и 845 (1993) на Советот за безбедност на Обединетите Нации, за престанување на важноста на Привремената спогодба од 1995 година и за воспоставување на стратешко партнерство меѓу страните, Изводокот од Нацрт – записникот од Сто дваесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 25 февруари 2019 година бр. 45-1656/1 и 45-1658/1 од 25 февруари 2019 година и Законот за употреба на јазиците („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.07/19), Управниот одбор на НУ БИБЛИОТЕКА “КОЧО РАЦИН“ - ТЕТОВО, на седницата одржана на 14.03.2019 година, ја донесе следната:

## Одлука за изменување и дополнување на Статутот на НУ БИБЛИОТЕКА “КОЧО РАЦИН“ - ТЕТОВО

### Член 1

Во Статутот на НУ БИБЛИОТЕКА “КОЧО РАЦИН“ – ТЕТОВО бр. 0101-54/1 од 24.06.2015 година и бр.02-60/1 од 17.04.2018, година во целиот текст, со исклучок на членот 3 став (1) зборовите: „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија“.

### Член 2

Во членот 2 ставовот (1) се менува и гласи:

„(1) Целосниот назив на Библиотеката гласи: „Република Северна Македонија Националната установа - Библиотека КОЧО РАЦИН - Тетово, Republika e Maqedonisë së Veriut Institucioni Nacional - Biblioteka KOÇO RACIN – Tetovë”.”

### Член 3

Во членот 5 ставовите (2) и (3) се менуваат и гласат:

„(2) Печатот има форма на круг, со пречник од 40 мм по чија внатрешна страна, полукружно, со кирилско/латинично писмо е испишан текстот: „Република Северна Македонија, Национална установа Библиотека „КОЧО РАЦИН“, Republika e Maqedonisë së Veriut Institucioni Nacional Biblioteka „KOÇO RACIN”, со зборот „Тетово / Tetovë“ во долниот дел од печатот, а во средината - грбот на Република Северна Македонија.

(3) Штембилот е со форма на правоаголник со должина од 65 мм и широчина од 40 мм, со текст на кирилско / латинично писмо кој гласи: „Република Северна Македонија, Republika e Maqedonisë së Veriut”, под него текстот “Национална установа, Institucioni Nacional”, под кој стои текстот “Библиотека „КОЧО РАЦИН“, Biblioteka „KOÇO RACIN”, во средината, има ознака “Бр.Nr.______________“. На

долниот раб се наоѓа линија за внесување на датумот „_____________ год./vit.", под која стои називот на седиштето „Тетово / Tetovë"."

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на добивањето на согласност од министерот за култура, а ќе се објави на огласната табла на Библиотеката.

**Образложение**

Согласно добиеното Известување - Барање од Министерството за култура за постапување по Извадокот од Нацрт – записникот од Сто дваесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 25 февруари 2019 година, број 45-1656/1 и број 45-1658/1 од 25.02.2019 година за потребата од измена на Статутот на установата, поради причините наведени во Известувањето, Националната установа Библиотека "Кочо Рацин" -Тетово започна постапка за измена и дополнување на Статутот на Националната установа Библиотека „Кочо Рацин" Тетово бр. 0101-54/1 од 24.06.2015 година и бр. 02-60/1 од 17.04.2018 година.

Имено, измената и дополнувањето на Статутот на Установата се врши поради следниве причини:

1. Согласно амандманите XXXIII, XXXIV, XXXV и XXXVI на Уставот на Република Северна Македонија и Уставниот закон за спроведување на амандманите од XXXIII до XXXVI („Службен весник на Република Северна Македонија"бр.06/19) произлегува потребата за измена на Статутот на Националната установа Библиотека "Кочо Рацин"- Тетово, и тоа: промена на називот на институцијата.
2. Согласно член 7 став (1) од Законот за употреба на јазиците („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.07/19) произлегува потребата од промена на називот на институцијата и печатите на институцијата.

Одлуката за измена и дополнување на Статутот на Националната установа Библиотека "Кочо Рацин"- Тетово ја донесува Управниот одбор наУстановата, согласно член 21 став (1) точка 1 од Статутот на Националната установа Библиотека "Кочо Рацин" - Тетово, а согласност на примена на истата дава министерот за култура.

**УО на Национална установа**
**Библиотека "Кочо Рацин" - Тетово**

**Претседател**
Мелек Јонузи